# Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Фондот за социјален развој при Советот на Европа, по договорот за заем по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија, заради поттикнување на вработеноста

**Службен весник на Р. Македонија бр.130/08 од 15.10.2008 година**

## Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија кај Фондот за социјален развој при Советот на Европа, по Договорот за заем по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија, заради поттикнување на вработеноста („Службен весник на Република Македонија бр.38/99), во член 3, став 2 зборовите: "Народната банка на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Министерството за финансии на Република Македонија".

## Член 2

Членот 3, став 3 се менува и гласи: "Заемот ќе се операционализира преку кредитна линија на комерцијални банки, со кои Министерството за финансии ќе склучи посебни договори."

## Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".